Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, одржана на 26.11.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за донесување на начелно правно мислење, поднесена од Јордан Јорданов адвокат од Кавадарци, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата поднесена од Јордан Јорданов адвокат од Кавадарци, за утврдување начелно правно мислење, заведена под Су-03 бр. 463/24 од 10.07.2024 година, **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 26.11.2024 година расправаше по Иницијативата за утврдување на начелно правно мислење Су-03.бр.463/24 поднесена од Јордан Јорданов адвокат од Кавадарци, а по однос на воедначена примена на одредбите од Законот за кривичната постапка.

Во Иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелно правно мислење по однос на воедначеност во постапувањето и примената на Законот за кривичната постапка во делот на трошоците на кривичната постапка. Подносителот образложува дека истата ја поднесува со цел Врховниот суд да заземе став поради различното толкување во тој дел на одредбите од Законот за кривичната постапка и воедно е побарано да се преиспита законитоста на решенијата на Основниот суд Кавадарци и Апелациониот суд Скопје. Ова од причина што по поднесено барање за трошоци настанати во текот на постапката Основниот суд Кавадарци го уважил барањето за надомест на трошоците на оштетените, против кое решение била поднесена жалба од Основното јавно обвинителство Кавадарци. Кривичниот совет на Основниот суд Кавадарци со решение ја уважил жалбата и го преиначил првостепеното решение, така што го одбил барањето за надомест на трошоците на постапката на оштетените и ги поучил странките дека имаат право на жалба. По поднесената жалба од полномошникот на оштетените, Апелациониот суд Скопје донел решение со кое ја отфрлил жалбата како недозволена, бидејќи правото на жалба веќе било искористено. Смета дека на овој начин се востановува нова судска пракса, бидејќи оштетените останале необештетени за трошоците кои ги платиле на својот адвокат, односно дека постои различно толкување на одредбите од Законот за кривичната постапка.

Во конкретниот случај станува збор за конкретни одлуки кои судот ги донел при постапувањето по одредено барање од ист подносител, во случајот барање за надомест на трошоците на оштетените настанати во постапката. Воедно во иницијативата подносителот не наведува и не приложува различна судска пракса, туку само одлуките донесени во постапката по конкретното барање за надомест на трошоците во постапката донесени во прв и втор степен.

Имено, во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите определено е дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите.

Имајќи ја предвид погоре наведената законска одредба како и поднесената иницијатива, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија оцени дека не се исполнети предвидените законски услови за утврдување на начелно правно мислење или начелен став, односно не постои различна судска практика во примена на законите.

Имајќи го предвид горенаведеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија одлучи како во изреката на овој заклучок.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**